**20212804448**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Врз основа на член 90 став (4) од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), директорот на Агенцијата за заштита на личните податоци донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА АКТОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР

Член 1

Во Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/20) во членот 9 ставот (2) се менува и гласи:

„Во случај кога контролорот по претходно спроведена анализа на ризик ќе одлучи да примени технички мерки за пристап од далечина до системот за вршење на видеонадзор (remote access control), должен е според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, да ги примени најновите технолошки достигнувања со кои ќе ги обезбеди потребните заштитни мерки во процесот на обработката со цел личните податоци да бидат достапни единствено на овластените лица.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-5264/1
10 декември 2021 година
Скопје

Директор,
**Imer Aliu,** с.р.